**УДК 726.825 (497.775)**
**725.945 (497.775)**

**Трпески Даворин (Скопје, Македонија)**

# СПОМЕНИЦИТЕ ВО ПОСТСОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ПЕРИОД: ПО ПРИМЕРИТЕ НА ГРАДОТ ХЕРОЈ НА МАКЕДОНИЈА

*Апстракт*: Спомениците во себе кријат приказна или порака, односно носат одредена симболика која потсетува на некое славно историско време, на некој важен настан на којшто треба луѓето да се сеќаваат. Накратко, во себе кријат одредена идеологија која ги толкува симболите и нуди кодови за нивно одгатнување и воспоставува врска со веќе креираните митови. Во авторитарните или во тоталитарните општествени системи, спомениците го претставуваат центарот на јавниот и на политичкиот живот. Во трудов ќе бидат презентирани дел од спомениците со кои се одликувал градот Прилеп во периодот на социјализмот, но и новопоставените споменици по неговиот пад и во периодот на воспоставувањето на новото општествено уредување во Република Македонија.

*Клучни зборови*: споменици, идеологија, социјалистички период, општествено уредување, постсоцијалистички период, транзиција, град – херој, Прилеп, Македонија.

*„И да сака антропологот да го заобиколи светот на политиката, не може. Како и да е, политичкиот живот влијае врз културното живеење“* (Rihtman-Auguštin, 2000: 9).

Последниве стотина години бурното минато на Балканот и во Македонија придонесоа на едно мало парче земја да се променат неколку општествени системи: турско-османлискиот со своите закоравени феудални односи; српско-монархистичкиот и бугарско-монархистичкиот, во кои не се признавало постоењето на македонскиот народ; социјалистичкиот, кој вршел прогон на сите оние кои не се согласувале со идејата за југословенската федерација и, на крајот, она што денес го викаме македонска демократија, општество кое сè уште транзитира и лута по некаков модел кој ќе му овозможи опстанок и приклучок кон евроатлантските системи.

Еден од поважните елементи кои се одлика на постсоцијалистичките општества е историското минато. Имено, во периодот на постсоцијализмот историското минато посебно се истакнува како резултат на национализмот кој не беше експониран во претходното општествено уредување. Така, минатото (а тука, пред сè, влегуваат и културите на другите), независно од тоа дали станува збор за индивидуалци или за групи, од страна на истражувачите се нарекува

*доместикација* (Simandiraki, 2006: 43) ситуација во која далечното минато се присвојува и се интерпретира како да е блиско минато. Впрочем, и покрај временската далечина, како резултат на индивидуални или на институционализирани процеси, се создаваат услови тоа да стане блиско, што секако придонесува кон кохезија на заедницата.

Според Глен Џордан и Крис Ведон (Џордан и Ведон, 1999–2000: 12), насекаде има траги од историјата – во спомениците што ги красат градовите, во имињата на улиците, во музеите, во образованието итн. Секој споменик во себе крие приказна или порака, односно носи одредена симболика која потсетува на некое славно историско време, на некој важен настан на којшто, според одредени политички центри на моќ, би требало луѓето да се сеќаваат. Накратко, спомениците во себе кријат одредена идеологија која ги толкува симболите и нуди кодови за нивно дешифрирање и воспоставува врска со митовите. Во авторитарните или во тоталитарните општествени системи, спомениците го претставуваат центарот на јавниот и на политичкиот живот. Сè она што не кореспондира со идеологијата која ја форсира политичката власт се смета за зло и може да предизвика одредени турбуленции во „идиличното“ општество, па од тие причини честопати е забранувано од страна на службите на власта. Но, во плуралистичките општества, како што е сега и македонското, би требало да владее консензус, независно од идеолошката поставеност на политичката власт и на идеологијата на политичката опозиција, односно во овој случај и двете спротивставени страни би требало да бидат флексибилни и да ги прифатат придобивките како општо добро за целото општество. Винфилд Спеиткемп смета дека, за разлика од заштитата на спомениците чија цел е воспоставување на историјата, вандализмот и растурањето на спомениците претставуваат напуштање и заборавање на историјата (Rihtman-Auguštin, 2000: 61–62). На оваа проблематика во Македонија досега не се направени поопсежни истражувања, додека во Европа на овој проблем работеле повеќемина антрополози, пред сè на територијата на Источна Европа (De Soto and Dudwick, 2000: 3–8), односно во државите кои го променија своето политичко уредување. Имено, драматичните настани во периодот од 1989 до 1991 создадоа нови можности за новите генерации истражувачи (Hann, 2002: 2–5).

И покрај тоа што во овој труд ќе стане збор за спомениците, сепак, целта не ми е да го опишувам процесот на заштита на социјалистичкото и на културното наследство кое се создавало и се создава во постсоцијалистичкиот период, туку да ги претставам приоритетите во делот на културата кои си ги поставувале одредени политички партии и коалиции додека функционирале од позиција на власт во Македонија. Токму преку изградбата на спомениците, може да се следи и нивната идеолошка поставеност. Така, честопати кога се зборува за политичките опции во Македонија се вели дека нашите партии отстапуваат од генералните европски и светски идеолошко-политички поларизации и

убедувања, како што се десничарските, левичарските или центристичките партии. Во контекст на тоа може да се каже дека можеби делумно се има право за таа констатација, и тоа во делот кој се однесува на уредувањето на државата и нејзиното функционирање, а во поголем дел сметам дека тоа не е точно од причини што многу јасно се издиференцирани позициите во поглед на идеолошката поставеност, секако со специфики својствени за Македонија, а коишто се резултат на историското минато. Во прилог на тоа оди и фактот што, при изградбата или при заштитата на спомениците, левичарските партии го потенцираат периодот на Народноослободителната борба, бидејќи истите тие произлегоа од поранешниот владејачки еднопартиски политички систем, додека пак новоформираните политички партии, кои својот континуитет го влечат од организациите кои постоеле во Македонија пред настапувањето на социјалистичкиот период, ги истакнуваат националните елементи кои во периодот на социјализмот беа забранувани, а лицата кои ги истакнуваа беа прогонувани.

Во тие рамки би било добро да се започне, односно да се земе предвид и она што се градело во Македонија додека постоеше југословенската федерација. Имено, по Втората светска војна започна една фаза на изградба на споменици, спомен-плочи, кои потсетуваа на таа војна или на победата над фашизмот, и сето тоа во корелација со општата историја на југословенските народи во Народноослободителната борба. Наспроти тоа, во голема мера се маргинализираше изградбата на спомениците кои потсетуваа на националната борба за ослободување од турското владеење во Македонија. При истакнувањето на спомениците кои потсетуваа на Народноослободителната борба се одеше дури и до нелогични обиди за обединување на борбата на југословенските народи против фашистите под раководство на еден заеднички центар, односно центар кој успешно раководел со партизанските акции во цела Југославија, а тоа е Комунистичката партија на Југославија (КПЈ). Исто така, во рамките на тогашната историја се издвои посебен дел историчари – проучувачи на партизанското движење во НОБ и Тито, кои заземаа посебно и значајно место во југословенската историја, а и денес голем дел од овие историчари работат по македонските научни институти (Brown, 2006: 36). Всушност, беше особена привилегија и чест да се работи на тој дел од историјата на југословенските народи.

По овој период, односно по распадот на Југославија, ваквата динамика на настаните кои соодветствуваа на социјалистичкиот систем започна да престанува. Полека започнуваше процес на истакнување на националните карактеристики. Во тој контекст, во моментите на националистичката еуфорија којашто ги зафати поранешните југословенски републики, а со тоа и Македонија, кога се напаѓаше сè што потсетуваше на социјалистичкиот период и на социјалистичката традиција, се отиде дури и дотаму и да се уништуваат спомениците од Народноослободителната борба со образложение дека потсетуваат на лош

период којшто перманентно им го одземал духот и вистинскиот етнички идентитет на луѓето, и дека дошол моментот кога конечно треба да се вратат на старите корени или на патот којшто го напуштиле пред четириесет и пет години. Тоа само уште еднаш потврдува дека општествените промени, најчесто, не се така едноставни, туку во поголем број случаи се разурнувачки. Всушност, нешто слично беше направено веднаш по 1944 година кога новата народна власт ги претопи бронзените споменици (коњаниците крал Петар и крал Александар), поставени од двете страни на Камениот мост на Вардар, на плоштадот во Скопје, и направи нов споменик кој ја симболизираше победата над фашизмот на југословенските народи во периодот на Народноослободителната борба. Новиот споменик беше поставен пред зградата на Централниот комитет на КПМ (денес Владата на Република Македонија) во Скопје, каде што постои и денес. Истото се случи и нешто порано, но со други споменици, кога српската власт во Македонија ја сруши Бурмали-џамијата која се наоѓаше на Плоштадот во Скопје и на нејзино место го изгради познатиот Офицерски дом во Скопје.

Сепак, посебно место во поновата историја на Македонија зазема градот Прилеп кој заслужува значајно внимание од причина што имаше посебен статус и третман за време на постоењето на југословенската социјалистичка федерација. Имено, по Втората светска војна Прилеп беше прогласен за град херој на Македонија, а посебно впечатливо е и тоа што и ден-денес овој град херој заедно со својата локална власт (независно од идеолошката ориентација) се обидува да го оправда херојското. Впрочем, можеме да го идентификуваме како со своевиден митски простор кој успешно докажува дека митското време, односно времето на хероите сè уште не завршило во овие краишта. Хероите ги следиме насекаде низ градот, главно преку спомениците коишто сведочат за одредени херојски подвизи.

И покрај тоа што овој град го добива епитетот херој релативно доцна, како резултат на востанието од единаесетти октомври 1941 година против фашистичката окупација, во Прилеп се среќаваат споменици од најразлични херојски периоди и херојски простори, независно од тоа дали настаните или ликовите потекнуваат од градот или не. Едноставно, градот херој треба да има споменик за секој херој за кој локалната власт или одредени членови на локални организации сметаат дека заслужил, а притоа ќе успеат да соберат средства за изградба. Така, како нови споменици кои се јавуваат во постсоцијалистичкиот период се споменикот на првиот претседател на Президиумот на АСНОМ, Методија Андонов – Ченто, кој набрзо паѓа во немилост на КПЈ и завршува како заробеник во Идризово. За овој споменик не можеше да се постигне консензус за локацијата каде што треба да биде наместен, а во судирот беа вклучени двете поларизирани политички опции (СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ). Во суштина, првите молкум

беа против поставување на споменикот со оглед на тоа што оваа политичка партија произлезе од Сојузот на комунистите на Македонија.

Во центарот на градот, на шеталиштето се наоѓа споменик на Крал Марко. Карактеристика за овој споменик е тоа што беше поставен на местото каде што најпрвин стоеше споменикот на Методија Андонов – Ченто.

Во периодот по воената криза во Македонија од 2001 година, над просториите на Агенцијата за обезбедување имоти и лица „ТА Лавови“, која се наоѓа во Бизнис-центарот во Прилеп, беа поставени три големи портрети. Едниот од портретите е на Ернесто Че Гевара (но, неговата капа, наместо со црвената петокрака е со шеснаесетзрачната ѕвезда од Вергина), другиот портрет е на Александар Македонски и третиот е на Тодор Александров (припадник и лидер на терористичкото крило на ВМРО на почетокот на XX век).




Фотографија 1. Портретите кај агенцијата за обезбедување имоти и лица „ТА Лавови“.

Исто така, пред неколку години, на еден од врвовите над Прилеп беше поставен крст, кој е осветлен во текот на вечерните и ноќните часови и се гледа скоро од секој крај на градот. Крстот беше изграден во еуфоријата што ја зафати речиси цела Македонија по 2000 година, кога на сите повисоки места каде што доминираше христијанското население се градеа крстови, некои поголеми, некои помали. Секако, Прилеп, како град – херој не смееше да остане и без симболот на христијанството. Всушност, на тоа место, на ридот, до 1992 година со бели букви беше испишано името Тито. Денеска, буквите се целосно избледени и тешко се забележуваат.

Могилата на непобедените претставува споменик којшто е изграден по Втората светска војна и е посветен на сите оние коишто загинале за време на Народноослободителната борба. Споменикот зафаќа релативно

голем простор и се состои од три дела. Во првиот дел се поредени споменбисти на најпознатите херои од НОБ, а потоа се преминува на централното плато кое се состои од осум слични засебни елементи кои ги симболизираат шесте републики и двете автономни покраини во СФРЈ. Оттука се оди во последниот затворен дел во чија внатрешност се испишани имињата на сите оние прилепчани кои загинале во НОБ. Според информаторите, споменикот до 1991 година бил обезбедуван со чуварска служба и бил одржуван. По таа година многу малку се вложува за негово одржување. Сè она што можело да се изнесе од него е однесено. Пред сè бистите на хероите, но и клупите и канделабрите. Единствено комуналната служба на градот поминува одвреме-навреме да го подзачисти. Денеска претставува простор каде што луѓето од околните куќи си ги напасуваат домашните животни, а навечер е неосветлен простор каде што се среќаваат вљубените парови. Во еден период споменикот беше изложен и на уништување, така што честопати бистите на хероите беа туркани или чкртани (анонимен информатор).

Споменикот на Александар Македонски на истоимената улица во Прилеп е изграден во 1995 година со средства на Собранието на општина Прилеп. Имено, тоа е плоча на која е изгравиран профил од ликот на Александар Македонски. На плочата е наведена и годината на раѓање и годината на смртта на Александар Македонски, а најдолу е напишана и годината на подигањето на споменикот, како и името на инвеститорот. Веднаш пред споменикот лесно се забележува исчадениот мермер, што покажува дека често се палат свеќи пред споменикот.

Мермерниот споменик – фонтана, кој се наоѓа во старата чаршија во Прилеп, е нов споменик, изграден пред околу шест години. Во основа, споменикот претставува шеснаесетзрачна ѕвезда (од гробницата на античките македонски кралеви во Вергина) во чие средиште се наоѓа седнат лав. Лавот најчесто се става во корелација со земскиот грб на Македонија, кој се среќава и во стематографиите заедно со симболите на останатите балкански земји за време на илирското движење на овие простори.



Фотографија 2. Споменикот – фонтана во старата чаршија во Прилеп.

Споменикот на Александар Македонски со копје во рацете, кој се наоѓа во центарот на Прилеп, пред платото на Комерцијална банка, е поставен во 2006 година. Споменикот е во реална големина и е поставен на висок постамент на кој е исцртана територијата која ја освоил Александар Македонски. Целосно е финансиран од македонскиот иселеник во САД по потекло од Прилеп, Ѓорѓија Џорџ Атанасовски.



Фотографија 3. Споменик на Александар Македонски. Во задницата се гледа Саат-кулата.

Сепак, до некаде, динамиката на посветеното внимание на локалната власт врз спомениците во Прилеп во периодот на постсоцијализмот претставува одраз и на целокупната ситуација во Македонија во последниве петнаесетина години, некаде повеќе, а некаде помалку. Прилеп се истакнува по тоа што во него доминираат спомениците кои потекнуваат од постсоцијалистичкиот период и покрај неговата улога на град херој во времето на социјализмот. Но, истовремено, во овој град, за време на конфликтот во 2001 година, како резултат на трагично загинатите прилепчани, беше запален еден споменик на исламската култура од XV век – џамијата во чаршијата. Чинот на запалување беше поддржан и од страна на полицијата која тоа го дозволи (анонимен информатор). И покрај тоа што веднаш до џамијата се наоѓа Саат-кулата, која, исто така, припаѓа на исламската култура, таа не беше ни чепната. Можеби причината за тоа беше поставениот крст на нејзиниот врв, на чие место пред 1992 година стоеше црвена ѕвезда петокрака.

Идеолошката војна е присутна и во останатите македонски градови. Честопати постојат иницијативи за подигање споменици од периодот на Народноослободителната борба и Тито. Така, на пример, имаше нереализирана иницијатива за поставување споменик на Тито во центарот на Скопје. Една таква иницијатива на група граѓани од Битола беше реализирана, па така во центарот на Битола, на Широк сокак, на имот кој е од приватен карактер, денес има биста на Тито. Ваквата ситуација која се одликува со поставување споменици од периодот на Народноослободителната борба можеби би требало да се толкува како револт и противтежа на спомениците кои се од национален карактер. Во секој случај, треба да се поврзе и со политичките центри на моќ кои се генератори на двете највлијателни идеологии во Македонија. Нивното присуство и влијание, всушност, се сведува на дихотомиите: комунисти и антикомунисти. Сепак, се поставува прашањето: дали постсоцијалистичката транзиција е посебна по нешто или е само посебно проблематична. Во врска со ова прашање стои забелешката на познатиот социолог од Кембриџ, Ралф Дарендорф, којшто транзицијата на поранешните социјалистички земји ја опишува со една реченица која мошне често се цитира (Biro, 2006: 14): „Земјите од Источна Европа ја променија власта за шест дена, законите за шест месеци, институциите за шест години, но за промена на начинот на размислување и однесување на нивните граѓани ќе им требаат шеесет години“.

**Користена литература:**

Biro, Mikloš (2006). *Homo postcommunisticus*, Beograd: Biblioteka XX vek.

Brown, S. K. (2006). *Would the real nationalists please step forward: Destructive narration in Macedonia*, во: De Soto, Hermine (ed.) and Dudwick,

Nora (ed.), *Fieldwork dilemmas: Anthropologists in postsocialist states*, Wisconsin: The University of Wisconsin Press.

De Soto, Hermine (ed.) and Dudwick, Nora (ed.) (2000). *Fieldwork dilemmas: Anthropologists in postsocialist states*, Wisconsin: The University of Wisconsin Press.

Hann, M. Chris, Humphrey, Caroline, Verdery, Katherine, (2002). *Introduction: Postsocialism as a topic of anthropological investigation*, во: Hann, M. Chris (ed.), *Postsocialism: ideals, ideologies and practices in Eurasia*, London: Routledge.

Žirarde, Raul (2000). *Politički mitovi i mitologije*, Beograd: Biblioteka XX vek.

Rihtman-Auguštin, Dunja (2000). *Ulice moga grada: Antropologija domaćeg terena*, Beograd: Biblioteka XX vek.

Simandiraki, Anna (2006). *International education and cultural heritage: alliance or antagonism?*, Journal of research in international education, vol. 5 (1), UK: International baccalaureate organization and SAGE publications.

Čolović, Ivan (2000). *Politika simbola. Ogledi o političkoj antropologiji*, Beograd: Biblioteka XX vek.

Џордан, Глен и Ведон, Крис (1999–2000). *Културна политика: класа, род, раса и постмодерниот свет*, Скопје: Темплум.